ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 2.9.2025 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-783/14 од 30.1.2025 година, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во член 8 став 1, во точка 4 зборот „парични" се заменува со зборот „платежни".

2. Во член 8 став 1, точката 7 се менува и гласи:

„давање платежни услуги, во согласност со законот со кој се уредуваат платежните услуги и платните системи, вклучувајќи и купопродажба на девизи."

3. Во член 8 став 1, точката 8 се брише.

Точките 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22.

4. Во член 8, став 6 броевите „12, 13 и 14" стануваат броевите „11, 12 и 13".

5. Во член 32, зборот „трансакциските" се заменува со зборот „платежните" и зборот „парични" се заменува со зборот „платежни".

6. Во член 58, точката 1 се менува и гласи:

„1. Одборот за управување со ризици во Банката се состои од 5 (пет) члена кои ги именува Надзорниот одбор на Банката од редот на лицата со посебни права и одговорности. Членови на Одборот за управување со ризици се: генералниот директор за управување со ризици кој е претседател на Одборот, директорот на Секторот за стратешко управување со ризици кој е заменик претседател на Одборот, директорот на Дирекцијата за управување со ризици, директорот на Секторот Комерцијално банкарство и директорот на Дирекцијата за средства и ликвидност.

Со одлука за именување членови на Одборот за управување со ризици може да се именуваат и заменици членови на Одборот за управување со ризици од редот на лицата со посебни права и одговорности и тоа директор на Секторот за правни работи и проблематични пласмани, директор на Секторот за финансии, директор на Дирекцијата за деловна мрежа, директор на Дирекцијата маркетинг и развој на производи и раководител на Службата за

контрола на усогласеноста на работењето на банката и СППФТ, кои би ги менувале членовите во нивно отсуство.”

7. Во член 65, ставот 3 се менува и гласи:

„Генералниот директор за управување со ризици управува и директно е одговорен за работата на Секторот за стратешко управување со ризици, Секторот за финансии и Секторот за информатичка технологија и позадински обработки.”

8. Во член 66, став 1, точка 11 зборот „Гувернерот” се заменува со зборовите „Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија”.

9. Во член 73, став 2 зборовите „Сектор за стратешко банкарство” се заменуваат со зборовите „Сектор за стратешко управување со ризици”.

10. Во член 78-г, став 1, во точката 5, зборот „Гувернерот” се заменува со зборовите „Извршниот одбор”.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето претходна согласност од Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

_____________________________

**О б р а з л о ж е н и е**
**на потребата за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје**

Со Предлог Одлуката бр. 02-6287/2 од 31.7.2025 година за измени и дополнувања на Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје (пречистен текст) бр. 02-783/14 од 30.1.2025 година се вршат измени и дополнувања на Статутот во однос на следното:

Со предложените измени и дополнувања се врши усогласување на активностите кои може да ги извршува Банката во согласност со измените и дополнувањата на Законот за банките, објавени во Сл. Весник на РСМ бр. 37/2025 година.

Со предложените измени досегашниот Сектор за стратешко банкарство, се дели на два посебни сектори и тоа Сектор за стратешко управување со ризици и Сектор за финансии. Ваквата поделба се наметна од потребата за зајакнување на управувањето со процесите, подобрување на ефикасноста и поголем квалитет во реализација на зацртаните стратешки цели на Банката.

Со овие измени и дополнувања се направени и други измени во текстот на Статутот во насока на негово унапредување и целосно усогласување со позитивната законска и подзаконска регулатива.

Во согласност со наведеното се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје.

**Надзорен одбор**